ЈАВНА НАУЧНА УСТАНОВА
ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП
Бр. 12-162/1
15-04-2004 год.
ПРИЛЕП

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА**

**ЈНУ - ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН -ПРИЛЕП**

**ТЕМА:**

# МЕНАЏМЕНТОТ, МОТИВАЦИЈАТА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО - ОСНОВНИ ФАКТОРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА СТОПАНИСУВАЊЕТО НА ТУТУНОПРОИЗВОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ СУБЈЕКТИ

**Март, 2004 година**

**П р и л е п**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА

# ЈНУ - ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП

*Тема:*

# „МЕНАЏМЕНТОТ, МОТИВАЦИЈАТА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО - ОСНОВНИ ФАКТОРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА СТОПАНИСУВАЊЕТО НА ТУТУНОПРОИЗВОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ СУБЈЕКТИ"

*Раководител на темата:*

д-р Трајко МИЦЕСКИ, научен советник

*Соработници-истражувачи*

1. М-р Милан Смоквоски, виш стручен соработник
2. Д-р Кирил Филипоски, научен советник
3. Д-р Мирослав Димитриоски, виш научен соработник
4. Д-р Гордана Мицеска, виш научен соработник
5. Д-р Петре Ташкоски, виш научен соработник
6. Д-р Ана Корубин-Алексоска, виш научен соработник
7. Д-р Снежана Стојаноска, виш научен соработник
8. М-р Роберт Цвејоски, асистент
9. М-р Илија Ристески, асистент
10. Дипл.агр.инж. Милан Митрески, стручен соработник
11. М-р Благоја Јованоски, стручен советник

Темата е реализирана со материјална помош од Министерството за образование и наука на Република Македонија

Март, 2004 година
Прилеп

# „МЕНАЏМЕНТОТ, МОТИВАЦИЈАТА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО - ОСНОВНИ ФАКТОРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА СТОПАНИСУВАЊЕТО НА ТУТУНОПРОИЗВОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ СУБЈЕКТИ"

## А П С Т Р А К Т

Врз основа на нашите истражувања кои имаа за цел да се согледаат, проучат и истакнат позначајни аспекти на менаџментот, мотивацијата и претприемништвото во тутунопроизводствените организациски субјекти за унапредување на ефикасноста на стопанисувањето, можеме да констатираме дека, иако тутунопроизводството во Р. Македонија е доста значајна дејност, која со својата трудоинтензивност ангажира скоро една десетинка од целокупното население, сепак нашата земја, заостанува во рамномерниот тренд на производството на тутун во однос на светското просечно производство на тутун по единица површина (кг/ха). Така кај светските просечни износи на произведениот тутун и засадените површините, во последните 20 години (1988-2001 год.) постои многу јака корелациска врска, чии коефициент изнесува 0,9, а додека кај производството на тутун и засадените површини под тутун, во Р. Македонија, се забележува послаб коефициент на корелација, и тој изнесува 0,8.

Годишен принос на тутун во светот, во последните 20 години изнесува 1.492 кг/ха, а во истиот период во Р.Македонија изнесува 1.170 кг/ха, што преставува разлика од 322 кг/ха, односно годишниот принос во Р.Македонија заостанува за 22 % во однос на светскиот принос.

Амлитудата помеѓу највисокиот (1.630 кг/ха) и најнискиот (1.346 кг/ха) годишен светски принос во испитаните 20 години (1982-2001 год.) изнесува 284 кг/ха, а додека амлитудата помеѓу највисокиот (1.440 кг/ха) и најнискиот (790 кг/ха) годишен принос во Р.Македонија во истиот испитуван период изнесува 650 кг/ха.

Коефициентот на варијацијата (релативниот износ на остапувањето) на годишните приноси на тутун во светот во испитуваниот

период (1982-2001 год.) изнесува 5,35 , а додека кај приносите во Р. Македонија во истиот период изнесува 13,98.

Во производството на тутун, како фамилијарна активност, во најголем обем (околу 80%) се ангажирани скоро сите членови во семејството, а додека помалку таа активност отпаѓа само на родителите (околу 15 %) , а уште помалку со ангажирање на надворешни лица (околу 4%).

Најголемиот дел од анкетираните тутунопроизводители (над 90%) размислуваат и понатаму да произведуваат тутун.

Основен мотивирачки фактор на најголемиот број тутунопроизводители (47%) е обезбедувањето на егзистенција на целата фамилија, а одма после тоа следи дополнувањето на семејниот буџет (38%). Односно овие два фактори се приоритетни за над 85 % од анкетираните утунопроизводители.

52 % од анкетираните тутунопроизводители тутунот го садат на сопствени ниви, а помал дел 31 % од анкетираните тутунопроизводители користат ниви под закуп (кирија), а другите 18 % од анкетираните тутунопроизводители користат сопстени ниви и ниви под закуп.

Констатираните состојби и показатели од истражувањето, упатуваат на заклучокот дека кај тутунопроизводителите постои желба за унапредување на менаџментот, мотивацијата и претприемачките активности, кои во многу можаат да придонесат за подобрување на ефикасноста на тутунопроизводството а со тоа и подобрување на економските ефекти од тоа производство.

***Клучни зборови:*** менаџмент, мотивација, претприемништво, ефект, профит, тутунопроизводство, организациони субјекти, фарма мало претпријатие, фамилијарен бизнис.

# MANAGEMENT, MOTIVATION AND ENTREPRENUING - THE BASIC FACTORS FOR IMPROVEMENT OF EFFECTIVENESS OF TOBACCO PRODUCING ORGANIZATIONS


## Abstract

Investigations were made on some more important aspects of management, motivation and entrepreneurship in tobacco producing organizations and their effect in improving the effectiveness of work. Results reveal that, although tobacco production in Macedonia is very important activity, with almost one tenth of the total population engaged in it, the country is still standing behind the trends in world tobacco production per unit area. Thus, there is a strong correlation between the average tobacco yield and planted areas in the world, with a coefficient of 0.9, while in Macedonia this coefficient was 0.8.

The average tobacco yield in the world in the last 20 years was 1492 kg/ha, and in this same period in Macedonia it was 1170, which is a difference of 322 kg/ha, or 22% lower compared to the world.

The amplitude between the highest (1630 kg/ha) and the lowest (1346 kg/ha) annual tobacco yield in the world was 284 kg/ha, compared to Macedonia (1440kg/ha and 790 kg/ha, respectively), where this amplitude was 650 kg/ha.

The coefficient of variation (relative sum of deflection) of annual tobacco yields in the world during this period (1982-2001) was 5.35, while in Macedonia it was 13.98.

Tobacco production, as a family activity, engages almost all (80%) members of the family. Much lower are percentages when only parents are engaged (15%), and the lowest is the percentage of external persons engaged in the process (4%).

The majority (90%) of farmers in our poll answered that they plan to continue with production of tobacco.

For most of the farmers, production of tobacco is a source of existence for the whole family (47%), and an additional support to the family budget (38%). These two factors together make 85% of the polled farmers.

52% of the farmers included in our poll grow tobacco on their private fields, 31% use rented fields and the rest 18% use both private and rented fields.

Results of our investigations revealed that tobacco producers are willing to improve management, motivation and entrepreneur activities, which will contribute to the effectiveness of tobacco production and will increase its economic effects.


**Key words:** management, motivation, entreprenuing, effect, profit, tobacco production, organizational subjects, a farm - small enterprise, family business